**МАТРИЦА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И РАНГИРАЊЕ НА КАНДИДАТИ**

*(вкупно: 70 поени | минимум за квалификација: 48 поени)*

## I. Општи услови

| **Услов** | **Исполнет (ДА/НЕ)** |
|---|---|
| Високо образование | ❒ |
| Минимум 5 години работно искуство | ❒ |
| Минимум 3 години специјализирано искуство во областа | ❒ |

Доколку не е исполнет барем еден услов – апликацијата не се разгледува понатаму.

## II. Матрица за бодирање

### 1. Формално образование – максимум 10 поени

| **Критериум** | **Поени** |
|---|---|
| Додипломски студии | 8 |
| Магистер или доктор | 10 |

### 2. Општо работно искуство – максимум 15 поени

| **Години искуство** | **Поени** |
|---|---|
| 5–7 години | 10 |
| 7–9 години | 12 |
| 10+ години | 15 |

### 3. Специјализирано искуство во областа – максимум 15 поени

| Години искуство | Поени |
| --- | --- |
| 3–5 | 10 |
| 5–7 | 12 |
| 7+ | 15 |

**3.1.Конкретна експертиза во избраната област (аналитичка и практична) – максимум 30 поени**

| Услов | Исполнет (ДА/НЕ) |
| --- | --- |
| Минимум 1 учество во изработка на анализи, стратегии, акциски планови, документи за политики, извештаи или студии | ❒ |
| Минимум 1 ангажман за спроведена обука, работилница, менторска поддршка, изработка на прирачници или курикулуми | ❒ |

**3.1.1 Ангажмани за планирање и анализа – максимум 15 поени**

*(проекти, експертски ангажмани во областа, учество во изработка на: анализи, стратегии, акциски планови, документи за политики, извештаи или студии )*

| Број на ангажмани | Поени |
| --- | --- |
| 1–2 | 5 |
| 3–4 | 10 |
| 5+ | 15 |

**3.1.2 Практично искуство во пренесување на знаења (обуки, менторство или институционална поддршка) – максимум 15 поени**

*(Спроведени обуки, работилници, менторска поддршка, изработка на прирачници или курикулуми)*

| **Број активности** | **Поени** |
|---|---|
| 1–2 | 5 |
| 3–4 | 10 |
| 5+ | 15 |

**Вкупен резултат**

| **Категорија** | **Максимум** | **Освоено** |
|---|---|---|
| Формално образование | 10 | |
| Работно искуство | 15 | |
| Специјализирано искуство во областа | 15 | |
| Ангажмани во планирање и анализа – 3.1.1 | 15 | |
| Практично искуство во пренесување на знаења – 3.1.2 | 15 | |
| **ВКУПНО** | **70** | |

## АНЕКС 1

### Појаснување на критериумите за евалуација

Овој анекс служи како дополнително појаснување на матрицата за евалуација и има за цел да обезбеди единствено разбирање на критериумите од страна на комисијата и апликантите.

**1. Формално образование**

1.1. Под формално образование се подразбира завршено високо образование/ додипломски студии.

Како доказ се прифаќа:

- диплома или уверение за завршени студии.

1.2. Во случај кандидатот да има магистерски или докторски студии, се признава највисокото завршено ниво.

**2. Општо професионално искуство**

Општото професионално искуство го опфаќа вкупниот број години активна професионална работа.

Се признава искуство стекнато преку:

- работен однос (редовен работен однос или договор на дело);
- консултантски ангажмани;

Како доказ се прифаќа:

- CV;
- апликациски формулар.

**3. Специјализирано искуство во областа**

Специјализираното искуство го опфаќа вкупниот број години активна специјализирана работа во области поврзани со пријавената експертиза (детално опишано во прикачениот документ на Јавниот повик „ Потребни квалификации за експертите по области “).

Се признава искуство стекнато преку:

- работен однос (редовен работен однос или договор на дело);
- консултантски ангажмани;

- соодветни ангажмани во областа согласно документот „ Потребни квалификации за експертите по области “ наведени во делот „Специјализирано искуство во областа“

Како доказ се прифаќа:

- референтни листи или CV;
- апликациски формулар.

**3.1 Конкретна експертиза во избраната област**

Тематската експертиза ја опфаќа применетата стручност на кандидатот во конкретната област за која аплицира.

**3.1.1 Ангажмани за планирање и анализа**

Во оваа категорија се вклучуваат:

- учество во проекти во конкретната област;
- експертски ангажмани во конкретната област;
- изработка или коавторство на анализи, стратегии, акциски планови, документи за политики, извештаи или студии.

Секоја активност се брои како една референца.

Како доказ се прифаќа:

- референтни листи или CV;
- апликациски формулар.

**3.1.2 Практично искуство во пренесување на знаења (обуки, менторство или институционална поддршка)**

Во оваа категорија се вклучуваат:

- спроведени обуки, работилници;
- менторска работа со институции на локално или национално ниво;
- изработка на прирачници или курикулуми.

Како доказ се прифаќа:

- референтни листи или CV;

- апликациски формулар.

**5. Верификација на податоци**

Сите доставени информации подлежат на случајна проверка.

Доставувањето неточни податоци претставува основ за кривична и материјална одговорност, како и основ за автоматско исклучување од постапката.